РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 04-661/4
13.12 2021год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Градоначалникот на општина Пробиштип, на ден 26.11.2021 година, донесе:

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување и дополнување на Правилникот за за систематизација на работните места во општина Пробиштип**

Член 1

Со овој Правилник се врши изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр.08-1157/1 од 19.10.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр. 08-125/1 од 09.02.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-123/4 од 20.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правлникот за систематиација на работните места во Општина Пробиштип бр. 08-798/1 од 23.08.2018 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр. 04-400/1 од 31.03.2021 година, Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр.603/1 од 28.05.2021 година и Правилник за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Пробиштип бр.04-661/1 од 11.06.2021 година.

Член 2

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Одделението за комунални работи, патишта и улици, под реден бр.28, шифра на работно место УПР 01 01 В02 000, назив на работно место - виш соработник за комунални работи, во делот вид на образование, се менува и гласи: „ архитектура, урбанизам и планирање" .

Член 3

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Одделението за внатрешна ревизија, работното место со реден број 58, шифра на работно место УПР 01 01 Б04 000, назив на работно место –раководител на одделние за внатрешна ревизија, во делот други посебни услови менува и гласи: „ да поминал обука и положил испит за овластен внатрешен ревизор во јавниот сектор според Програма за полагање на испит за овластен внатрешен ревизор или да поседуваат меѓународно признат ревизорски сертификат и има најмалку три години работно искуство во областа на внатрешната или надворешната ревизија "

Член 4

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Одделението за внатрешна ревизија, работното место со реден број 59, шифра на работно место УПР 01 01 В01 000,назив на работно место –Советник внатрешен ревизор, во делот други посебни услови се менува и гласи: „ да има две години работно искуство во внатрешната или надворешната ревизија “.

Член 5

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Теритријална противпожарна единица, под реден бр.65, шифра на работно место УПР 04 02 Б10 000, назив на работно место – командир на одделение, во делот број на извршители - бројот „7 (седум) “, се заменува со бројот „4 (четири) “ .

Член 6

Во глава IV Табеларен приказ на работните места во Општина Пробиштип, во Теритријална противпожарна единица, под реден бр.66, шифра на работно место УПР 04 02 Б13 000, назив на работно место – пожарникар спасител, во делот број на извршители -бројот „8 (осум) “, се заменува со бројот „11 (единаесет) “ .

Член 7

Согласно извршените измени во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и во табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на општина Пробиштип, како составен дел на Правилникот.

Член 8

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Изготвил, Јованка Данева

Број : 08-________
26.11.2021 година
Пробиштип

Општина Пробиштип
Градоначалник
Драган Анастасов